| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.**<br><br>**ОП ,,Априлска шега ,,** | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br>•<br>Репродуцира стихотворби. | **1** | **Воведни активности**<br>Во подготовката ја истакнувам сликата и водиме краток разговор:<br>Што е претставено на сликата?<br>Што прават децата на овој ден ?<br>Што ноосат децата за да го одбележат денот?<br>истакнување на целта<br>насловот го запишувам на табла и им ја рецитирам песната<br><br>**Главна активност**<br>Непосредното доживување учениците го изразуваат со одговорот на прашањата кои им ги поставувам во врска со песната.<br>Нови зборови – запишувам и објаснувам<br>Откриваме дали има рима во песната, дали лесно се чита, дали има ритам , дали е тешка за помнење....<br>Анализата ја изведувам со читање строфа по строфа, а учениците секоја строфа во мислите ја претставуваат со соодветна слика поетска слика .<br>Прашувам : Колку реда има секоја строфа?<br>Од колку строфи е составена секоја строфа?<br>Истакнувам: **Текстот напишан во стихови се вика ПЕСНА.**<br>**Секој ред од песната е СТИХ.**<br>**Целината составена од два или повеќе стиха се нарекува СТРОФА**<br><br>**Завршна активност**<br>Читањето на песната го вршиме од учебникот и учениците со молив ги подвлекуваат најубавите стихови.<br>Го препишуваат планот од табла<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.**<br><br>**Автодиктат на песната** | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br>•<br>Репродуцира стихотворби. | 1 | **Воведни активности**<br><br>Најпрво им ги објаснувам задачите дека ќе имаме автодиктат ,научената песничка да ја напишеме во тетратките без да гледаме во текстот ,ќе пишуваме ,,од памет"<br><br>**Главна активност**<br><br>Учениците ги отвораат учебниците за да можат уште еднаш визуелно да ги уочат графичките слики на секој стих и песната во целина.<br>Потоа ја рецитираат во хор и индивидуално за да утврдам дали сите ја нучиле напамет.<br>Со пригодни прашања ги оучуваме бројот на стиховите и строфите, интерпункциските знаци, насловот и начинот на пишувањето.<br>Диктирањето си го вршат самите ученици и пишуваат.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Проверката, поправката и вреднувањето се врши според возраста на учениците колективно со цел да ги научам на праведност и еднаквост во оценувањето.<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.**<br><br>**Обработка на текст**<br>,,Волшебни зборови“. | Препознава почеток, средишен и завршен дел од слушнат литературен текст.<br>• Прераскажува кус литературен текст, почитувајќи го редоследот на настаните. | **1** | **Воведни активности**<br><br>Насочен разговор на дадена тема<br>Ѕид на зборови<br>Истакнување на целта<br>**Главна активност**<br><br>Уметничка интерпретација на текстот – техника:,,Наставникот чита на глас,,.<br>Појаснувам непознати зборови.<br>Следува дискусија за содржината на текстот<br>Техника : видови прашања (предвидување на настаните).<br>Го анализираме текстот по систем прашања и одговори.<br>Набројување на ликовите<br>Анализа на нивните постапки – позитивни / негативни<br>Воочување на редоследот на настаните<br>определување на времето на настаните опишани во текстот<br>извлекување на порака од текстот<br>Мрежа на темата<br><br>**Завршна активност**<br><br>Прераскажување на текстот почитувајќи го редоследот на настаните<br>Илустрирање на дел што им остави впечаток<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.**<br><br>**Анализа на текстот - Одговори на поставените прашања** | Соодветно ги користи во реченица изразите за учтиво обраќање (благодарам, повелете, извинете, молам).<br>Одговара на прашања поврзани со слушната содржина | **1** | **Воведни активности**<br>Насочен разговор: Случка што ти се случила кога не си се однесувал пристојно.<br>Истакнување на целта на часот -Културно однесување<br>**Главна активност**<br>Се навраќаме на текстот што го обработувавме претходниот час „Волшебни зборови“.<br>Изразување на непосредното доживување од содржината на расказот:<br>Кој е првиот збор, на добро однесување што го научило детето ?<br>Како се однесуваш ти кога разговараш?<br>Дали може да помогне користењето на волшебните зборови: *ве молам, благодарам, повелете, извиниете, простете*?<br><br>Разговор со учениците: појаснување што значи терминот бон-тон.<br>Бон-тон убаво однесување дома, во училиште, во институции, на прошетка....<br><br>**Завршна активност**<br>Проследување на краток филм за културно однесување.<br>Дискусија- завземање правилен морален став во поглед на одредени случувања<br><br>**Рефлексија**<br>самостојно раскажување за сопствени доживувања; правилно и самостојно изразување со целосни, логички мисли и реченици и развивање на културни навики на однесување - бон тон | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.**<br><br>**Текст ,, Априлски дожд..** | Раскажува кратка приказна заснована на низа слики, фотографии, илустрации.<br>• Раскажува сопствено доживување | **1** | **Воведни активности**<br>Во подготовката ја истакнувам сликата и водиме краток разгово:<br>Што е претставено на сликата?<br>Бура на идеи<br>– истакнување на целта<br><br>**Главна активност**<br><br>Читање на текстот – техника : Наставникот чита наглас<br>**Непосредното доживување** учениците го изразуваат со одговор на прашања:<br>Каде се случува настанот?<br>Кои се ликовите во него?<br>Кој е главен лик?<br>Како ги оценуваш постапките на........<br>Техника еуристички разговор – тема<br>**Анализата** ја изведувам со читање, а учениците во мислите ја претставуваат со соодветна слика.<br>**Прашувам** : одговараат , кратко ја раскажуваме приказната<br>Запишуваме на табла план на приказната<br><br>**Завршна активност**<br>Одговор на прашањата од учебникот<br>Раскажи сопствено доживување по горниот пример од текстот<br>**Илустрирај ....**<br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.**<br><br>**Г.И. групирање на зборови околу едно заедничко својство** | Именува предмети, суштества и растенија и ги групира според конкретно својство и ги означува со општи поими | **1**<br><br>**.** | **Воведни активности**<br><br>Игра : Гледам , гледам ....<br>Јас кажувам збор .... а тие по тој вид на збор , по тој пример треба да кажат друг .<br>Пр. Јас табла - тие : креда , сунѓер , кофа ....<br>Јас срна - тие : елен, зајаче , волк , мечка ....<br>Истакнување на целта<br><br>**Главна активност**<br><br>Именуваат предмети, суштества и растенија и ги групираат според конкретно својство и ги означуваат со општи поими.<br>Учениците самостојно работаат<br>Пишуваат рани зборови – именки , а потоа ги групираат во табела.<br>Читање , групирање , проверка дали исправно ја завршија задачата .<br><br>**Завршна активност**<br><br>Игра Додавање на топка – изговарање на именка<br>Секој ученик при додавањето на топката треба да изговори име на на некој предмет, животно , растение , другарче ...<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите. • Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.**<br><br>**Приказна Маја кај заболекар** | Прераскажува кратки и едноставни текстови кои се слушаат и читаат на часовите. • Раскажува кратка приказна заснована на низа слики, фотографии, илустрации. • Раскажува сопствено доживување | **1** | **Воведни активности**<br>фотобура - Во **подготовката** ја покажувам сликата и водиме краток разговор: Што гледате на сликата?<br>Каде се наоѓа девојчето?<br>Зошто одиме кај заболекарот?<br>Кога се оди кај заболекар?<br>Истакнување на целта<br>**Главна активност**<br>**Доживување на целосната содржина** со читање на текстот (пауза за разјаснување)<br>**Изразување на непосредното доживување** го вршам со следните прашања:<br>За кого се зборува во текстот?<br>Како Маја го победи стравот?<br>Раскажи твое доживување кај стоматолог!<br>**Задлабочувањето** ќе се состои во читање и анализа по логички целини и планирање.<br>Поврзи го знаењето за здравјето и здравствените установи и раскажи....<br>уочување ...Текстот можеме да го поделиме на логички целини:<br>1. Маја кај заболекарот<br>2. Исплашеното забче<br>3. Маја го охрабрува забчето<br>4. Мама ја бакнува Маја<br>Нови зборови:<br>Со цел учениците да ги уочат логичките целини, а акустичното и вербалното да го поврзат со визуелното за што полесно спознавање,ги истакнувам постапно илустрациите на логичните целини. | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите. • Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk




**Завршна активност**

Учениците имаат задача да го препишат планот од табла и извлекуваат порака.
Каква порака можеме да извлечеме од однесувањето на девојчето?

**Мрежа на дискусија**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**Рефлексија**

**Показатели на постигањата:** упорност, истрајност, точност, логичност, доследност, прецизност, редовност, залагање, соработка, почитување, став, набљудување, вербално опишување на својот труд, индивидуални креативни способности.




resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **8.**<br><br>**Јазично катче**<br><br><br>жа-бич-ка слон чап-ја<br>СКАЗНА ЗА СЛОГОТ<br>Живеела некогаш една жабичка. Жабичка, како жабичка. Малечка, од три слога: **ЖА-БИЧ-КА.**<br>И, некогаш живеел еден слон.<br>Слон! Голем, голем! А, само со еден слог: **СЛОН**!<br>И малата жабичка се шегувала со големиот слон:<br>– Е-е-е! Голем, а од еден слог!<br>Но, од мочуриштето дошла една **ЧАП-ЈА** од два слога и ја проголтала таа ЖА-БИЧ-КА од три слога.<br>И тоа е сè... | Правилно изговара различни гласови во различни позиции на зборовите. П | **1** | **Воведни активности**<br>**Наставникот чита наглас - Граматичка сказна**<br>**Следи дискусија за зборовите и нивната поделба на помали делови .**<br>**Прашувам - Кој збор остана неподелен?**<br><br>**Главна активност**<br><br><br><br>**Сказната ја читам уште еднаш**<br>**И повторно прашувам**<br>**Од колку делови се составени**<br>**Зборови жаба и чапја?**<br>**Зошто зборот слон не се дели?**<br>**Учениците самостојно**<br>**Доаѓаат до заклучоци**<br>**Следат вежби во читање на**<br>**Текстот и правилен изговор**<br>**На зборовите , соговите итн**<br><br>**Завршна активност**<br><br>**Учениците добиваат пузли – картички со слогови ( слики ) кои треба да ги состават , односно да го пронајдат парот .**<br>**Кој ќе состави најповеќе картички е победник**<br><br><br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **9.**<br><br>**Сакам да бидам (професии)** | Прераскажува кратки и едноставни текстови кои се слушаат и читаат на часовите.<br>• Раскажува кратка приказна заснована на низа слики, фотографии, илустрации<br>. • Раскажува сопствено доживување | **1** | **Воведни активности**<br>Стратегија „Тематско БИНГО“<br>**Професии**<br>Секој ученик има сет картички - сликички со професии<br>Учениците го пополнуваат својот Работен лист - Бинго<br>Играта започнува<br>Ученикот што ќе добие Бинго, ќе има задача да состави реченици за професиите што беа победнички во тој круг и да избере своја омилена професија .<br>Играта се повторува неколку пати со цел да се активираат и ангажираат сите ученици.<br><br>**Главна активност**<br>Раскажуваат за секоја професија подетално со помош на сликите<br>Раскажуваат за нивните желби , што би сакале тие да бидат кога ќе пораснат.<br>**Завршна активност**<br>**Секој ученик изработува картичка со омилената професија**<br>**Изработките ги истакнуваме во заедничкото катче .**<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите. • Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |







resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **10.**<br><br>**Низ страниците на ...**<br>**Списанија за деца**<br><br><br> | • Препознава брзо и бавно, односно гласно и тивко зборување.<br>• Применува соодветна брзина и висина на тонот при зборувањето во различна ситуација | 1 | **Воведни активности**<br><br>Разговор за детски списанија<br>**Бура на идеи** – Дали знаат некое детско списание?<br>**ИЦ:** Низ страниците на детско списание<br><br>**Главна активност**<br>Разгледување на рубриките во списанието ЛИБИ<br>Разговараме што има во него , зошто е интересно за децата .<br>Станува збор за модерно дизајнирани детски списанија што ги покриваат содржините предвидени со наставните програми за основно образование. Низ нив денешните деца имаат можност да ги прошират своите знаења, ставови и вештини согласно целите што се застапени во наставните програми за соодветниот развоен период. Рубриките во списанијата се осмислени така што им помагаат на учениците да мислат научно, да го откриваат знаењето, да истражуваат, но и да формираат лични ставови и мислења.<br>**Работа во групи**<br>Секоја група добива по една рубрика од него и изработува ГРОЗД за неа. Избира еден од текстовите кој за нив бил најинтересен и ни го презентира.<br><br>**Завршна активност**<br>**Презентација на групите**<br>Играње на игри од ЛИБИ<br>**За дома:** Испрти литературна творба или цртеж до редакцијата на списанието и освои наградa .<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |


resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **11.**<br><br>Вежби за правилно дишење при говорење преку кажување бројалка<br><br> | Применува соодветна брзина и висина на тонот при зборувањето во различна ситуација. | 1 | **Воведни активности**<br>**“ Циркус “**<br>Учениците влечат картички на кои има животно и натпис .<br>Учениците треба да откријат за што се работи : гатанки , бројалки, или брзозборки<br>Ја читаат ,,пораката,, прво тивко во себе за да откријат што е , а потоа ја читаат наглас со соодветна брзина и висина на тонот при зборувањето .<br>  <br>**Главна активност**<br>Секој ученик го вежба читањето со примена на соодветна брзина , висина на тонот . Учениците ги разменуваат картичките помеѓу себе ( Галерија ) и ги читаат .Следна активност е кажување на Бројалки и брзозборки Јас кажувам , ти повтори ...<br>Бел петел бела пепел прета. Џеб, џепче, џепчиња без денарчиња.<br>Едно дрво јаворово преку поле Лазорово. Лош кантар црн катран мереше.<br>Во дол бол има вол. Дрзок дрвар в дрма дрва врзал.<br>Ситна роса ситно трева росеше<br>Страчка каша варила од јачмен и просо, а пак ќосот во ќошот си го чепкал носот.<br>**Завршна активност**<br>Прочитај го натписот на животното во ,,негов стил,,<br>Пе. Ако животното е прасе ...треба да сеимитира прасето како би го прочитало тоа ... (да се насмееме- најдобри имитатори)<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **12.**<br><br>**Пишување на броеви**<br><br> | Пишува едноставни зборови<br>Пишува броеви со зборови | **1** | **Воведни активности**<br>**Лов на предмети**<br>На даден знак двајца ученици треба да соберат предмети што се наоѓаат во училницата. На знак стоп играта престанува и ги броиме предметите.Еден , два , три , четири......ит,<br>Истакнување на целта<br>И броевите имаат име<br><br>**Главна активност**<br><br>Зборовите едно , две, три ....дванаесет , петнаесет....сто.....се викаат БРОЕВИ . Со нив означуваме колку нешто (предмети , суштества, појави) има на број .<br>На пр.  Една гума, три боички , пет кокошки ...итн.<br>Заклучок : Броевите се зборови со кои се означува количество на предмети .<br>Тие се употребуваат и во предметот македонски јазик .Секогаш одат во пар со именките . ( Имам седум моливи).<br>Учениците составуваат реченици со употреба на број во нив.<br>Маја изеде десет колачи<br><br>**Завршна активност**<br><br>**Учениците ги пишуваат броевите и со цифра и со букви**<br>**3 - три 8 – осум итн.**<br>**Читање на речениците и броење .**<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |


resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **13 / 14**<br><br>**Обработка на сликовница Штурецот и мравката**<br><br>**Анализа на басната** | Идентификува народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање).<br>•<br>Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања<br>• | **1** | **Воведни активности**<br>Во подготовката ја истакнуваме сликата и водиме краток разговор , а потоа се чита басната или усно се интерпретира , во конкретниот случај следење на визуелна презентација со раскажувач<br>**Насочено следење со**<br>Активно слушање<br>Избирам збор што ќе се повторува често во приказната. Задача на децата е внимателно да го слушаат читањето и секојпат кога ќе го слушнат тој збор ќе треба да станат и да седнат.<br>**Главна активност**<br>**Презентација**<br>**https://wakelet.com/wake/oREJ_fvT402Dr6_nJ5xw3**<br><br>Да се потсетиме - басни се кратки приказни во кои се раскажува за животни, а се мисли на луѓето.<br>Животинските личности во басната ги викаме актери...<br>Басните имаат порака.<br><br>Разговараме за басната<br>За кого се зборува во оваа басна ? Кој се главни актери?<br>Кои се живеалиште на овие животинки?<br>Дали сте виделе во живо мравка? Како изгледа – опишете ја ...<br>Како изгледа штурецот ? Дали сте го сретнале и некаде на друго место? Во друга приказна?<br>Басната ја прераскажуваме накратко<br><br>Учениците ги илустрираат ликовите (физички изглед)<br>Во следниот час ја читаме басната ,но овај пат како песна (долу прилог) | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Прераскажува содржина на прочитан кус литературен текст со свои зборови. | | Следи :<br>Уочување на односите меѓу штурецот и мравката со читање на соодветни делови од текстот на басната<br>Учениците го искажуваат своето мислење<br>Прашувам :<br>Како е претставен штурецот ...а како мравката ....<br>(Внатрешни особини)<br>Што не ви се допадна во басната?<br>Што ви се допадна во басната?<br>Кој дел ви остави впечаток?<br>Дали би можеле да му го смениме крајот на приказната?<br>Ако сака некој може да се обиде ...<br>**Завршна активност**<br>Прашање за размислување<br>Најчесто во басните главни актери се животните, а во нив се исмејуваат особините на луѓето.<br>Кои особини ги исмева писателот во оваа басна ?<br>Изведување на пораката заеднички<br>Изработка на стрип ,боење на ликовите ..<br><br>**Рефлексија** | | |





Низ полето цело лето
штурчето песна ширеше,
од утрина до вечер
пееше и свиреше.



Но, набргу во полето
се насели есен,
сè попари лута слана
и задува ветер бесен.



Се уплаши штурчо тогаш,
па поита спас да бара.
Кај мравката дома појде,
пријателка своја стара.



– Ти се молам, пријателке,
штурчо, мравката ја моли:
– Дај ми малку житни зрна,
стомаков од глад ме боли!



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **15.**<br><br>**ОП ,,Семафор ,,** | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br>•<br>Репродуцира стихотворби | **1** | **Воведни активности**<br>На учениците им давам задача да направат облачиња со зворови на тема - Семафор<br>Ги читаме зборовите , ги пишуваме на таблата<br>И следи рецитирање на песната од страна на наставникот<br><br><br>**Главна активност**<br>Учениците внимателно го слушаат рецитирањето на наставникот а потоа одговараат на поставените прашања<br>Следи читање строфа по строфа(стих по стих) и за секој прочитан дел (цртаат) или опишуваат со зборови тоа што го разбираат од прочитаното<br>Од добиените описи (цртежи) ги формулираат поетските слики<br>Учениците ги издвојуваат зборовите што се римувани во песната<br>Ги поттикнувам да кажат и други примери каде што има рима<br>Воочуваат од колку строфи е составена песната, колку стихови .<br><br>**Завршна активност**<br>Меморирање и репродуцирање на песната<br>Кој прв ?<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **16.**<br>**Басна**<br>**Бик и зајак**<br> | Идентификува народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање).<br>•Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош н прашања.<br>•Прераскажува содржина на прочитан кус литературен текст со свои зборови | **1** | **Воведни активности**<br>На хамер на табла залепени сликите однопаку<br>Учениците имаат задача да откријат кое животно се крие зад сликата по читање на гатанка<br>По откривање на првата слика / животно го опишуваат(фотобура се што знаат за тоа животно )<br>Постапката се повторува со откривање на двете животни<br>Поставуваме **проблем прашање**: Што мислите што е повредно силата или брзината?<br>Да го дознаеме тоа од басната . ,, Бик и зајак,,<br>**Главна активност**<br>Во подготовката ја истакнуваме сликата и водиме краток разговор , а потоа се чита басната или усно се интерпретира<br>**- Акустично восприемање – читање на басната**<br>**Анализата** на басната ја вршиме по следниот ред:<br>• читање ,објаснување на новите зборови и раскажување<br>• уочување на односите меѓу бикот и зајакот со читање на соодветни делови од текстот на басната<br>• искажување на ученичкото мислење ...Како е претставен бикот ...а како зајакот....Што не ви се допадна во басната?<br>• Што ви се допадна во басната?<br>Формирање поим за басна<br>Басни се кратки приказни во кои се раскажува за животни, а се мисли на луѓето.Животинските личности во басната ги викаме актери...Басните имаат порака.<br>**Завршна активност**<br>Изведување на пораката (бори се со ум и знаење, а не со тупаници)<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **17.**<br><br>**Самостојно раскажување** | Идентификува народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање). • Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања. • Прераскажува содржина на прочитан кус литературен текст со свои зборови<br> | **1** | **Воведни активности**<br><br>Гледање на презентација ,,Бик и зајак ,,<br><br>Давам насоки по кои треба да ја прераскажуваат басната со свои зборови<br><br>**Главна активност**<br><br>Во облаче учениците ги пишуваат клучните зборови по кои ќе треба да раскажуваат<br>Ги пишуваат особините на животните .<br>Ги опишуваат како изгледаат физички и сл.<br>Од зборовите составуваат реченици , речениците ги поврзуваат во текст.<br>Усно ја прераскажуваат басната .<br><br>**Завршна активност**<br><br>Изработка на заедничка сликовница / стрип на басната<br><br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите. • Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **18.**<br><br>**Јазични вежби – слогови , зборови Гласови**<br> | Препознава нова буква во состав на збор/реченица.<br>• Ги препознава симболите на гласовите и ги поврзува со зборови ( | **1** | **Воведни активности**<br>Игра со зборови - кој ќе измисли најмногу зборови на почетен слог . **Пр.**<br>**М а** - мајмун магаре мандарина масло математика Мама малинка итн......<br>,,Секоја прочитана книга е еден златник,,<br><br>**Вежби - слогови , зборови , гласови**<br>Слог е дел од зборот што се изговара со едно отварање на устата.<br><br>**Главна активност**<br>**Заедничка активност за сите ученици**<br>**На таблата имам истакнато картички со букви и слогови**<br>**Учениците имаат задача од понудените картички да состават зборови. Победник е оној што ќе ги употреби сите картички**<br>**Следната активност е од исто така понудени зборови да состават реченици.**<br><br>**Завршна активност**<br><br>**Учениците ги читаат зборовите и речениците што ги составија .**<br>**Тој што ќе се искачи најгоре на скалата ќе биде водител на последната игра .**<br>**Јас имам едно ЖА , ти имаш едно БА ...заедно имаме ...ЖАБА**<br>**Или БАЖЕ , ГИ СОСТАВУВАМЕ пузлите и ги лепиме на таблата**<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |